Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ООО "Петар Поп Арсов" - Скопје,** за сечење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

# РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 3(три) дрва (2 брези и орев), кои се наоѓаат **во дворот на училиштето на ул. „Трифун Бузев" бб – Скопје.**
2.Сечењето на дрвата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обрзува барателот , во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 3(три) дрва, постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**ООУ "Петар Поп Арсов", ул. "Трифун Бузев" бб - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/190** од **27.03.2023** година, за сечење на дрва кои се наоѓаат **во дворот на училиштето на ул. „Трифун Бузев" бб – Скопје.** Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа е утврдено дрвата се целосно суви (мртви дрва) и постои опасност да паднат и да предизвикаат материјална или друга штета, и не постојат услови за пресадување на дрвата.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површини покрај објекти на јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и други) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека поради состојба во која се наоѓаат дрвата не постојат услови за пресадување на дрвата, односно дека дрвата треба да се исечат при што на барателот му е наметнато компензационо садење

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/190/2**
**03.04.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива
изготвил:

**Игор Трпковски**

контролирал:

**Раководител на Одд.**
**Емил Ѓуровиќ**

По овластување на
Градоначалникот на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

**Зоран Лапевски**